ГЕОРГИ ЕФРЕМОВ
Министер за култура на Република
Македонија

Во вакви и слични прилики, кога по слични поводи треба да се одржат поздравни говори, обично се започнува со зборовите: „Чест ми е и задоволство да го поздравам собирот по повод . . . и така натаму“. Четириесетгодишниот јубилеј од излегувањето на списанието *Жива Антика* и промоцијата на неговиот четириесетти том не предизвикува само задоволство, туку и почит кон опстојувањето и растежот на единственото сојузно списание за класична филологија во Југославија, кое од 1957 година прераснува во меѓународно. Задоволството е уште поголемо кога се знае дека тоа е воедно и единствено од вкупно сто и двете југословенски примарно–научни списанија чиј редакционен одбор бил во Скопје, списание кое воедно било и орган на Сојузот на друштвата за антички студии на Југославија. Почнувајќи од далечната 1951 година, списанието редовно излегува на Филозофскиот факултет во Скопје – Семинар за класична филологија, доживувајќи излегување на импозантни 40 томови во 67 свески, од кои 9 посебни изданија.

А почетоците и првичните напори за издавање на ова списание датираат уште во 1950 година, од страна на сега покојниот академик доктор Михаил Петрушевски. Неговите следбеници го сметаат за основоположник и долгогодишен одговорен уредник на ова списание. Списанието, заедно со неговиот основоположник, се основа за вообличување на една скопска школа по класична филологија. Очигледно е дека покојниот доктор Петрушевски дал несебичен придонес во изградувањето на млади и нови научноистражувачки кадри во својата научна област и тие ѝ на овој начин, преку продолжувањето и опстојувањето на списанието, достојно го продолжуваат и прошируваат неговото дело.

Во многу универзитетски центри во светот, на многу катедри по класична филологија, Скопје и Република Македонија, е позната токму по списанието на кое денес му го одбележуваме четириесетгодишниот јубилеј. А таков статус не се стекнува така лесно. Покрај формалните услови и начинот

на објавување на странски, западноевропски јазици, потребен е и висок квалитет на текстовите што се објавуваат на страниците на ова списание, активна соработка со странски колеги специјалисти од оваа област и нивното учество во списанието.

Република Македонија последните осумнаесет години, преку Заедницата за научноистражувачки дејности учествувала со 5,8% во вкупните средства на Сојузот на заедниците за наука на Југославија. Со овие средства пропорционално е финансирано издавањето на наведените сто и две примарно-научни списанија, од кои само едно се издавало во Република Македонија. Во своите намери и напори да се негува научната и творечката мисла, Република Македонија ќе продолжи со финансирањето на научни списанија на своите простори, вклучувајќи го и списанието *Жива Антика.* Ова е повик и предизвик на сите кои придонесуваат за неговото опстојување и растеж, но и за одржување на неговата докажана меѓународна репутација, да го продолжат своето дело и делото на своите претходници. Ова нека биде и повик до сите факултети и самостојни научноистражувачки организации, кои својата научна дејност од своето формирање до денес ја публикуваат преку годишни зборници, истите да ги прераснат во научни списанија, во кои, според критериуми кои го одразуваат времето, ќе се објавуваат трудови не само од нашата Република, туку и од странство. На тој начин пошироко ќе се презентираат дострелите на македонската наука. Урнекот е пред нас – списанието *Жива Антика.* Министерството за наука е подготвено да ги поддржува ваквите зафати и напори.

И на крајот, морам да го искажам моето особено, нагласувам: особено задоволство и чест да присуствувам на ваков јубилеј, од името на Министерството за наука и од свое име да ги поздравам сите присатни и на сите кои придонеле и придонесуваат за овој јубилеј да им изразам почит.